РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 08-1899/1
03. 12. 2024 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014 , 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл.весник на РСМ„ бр.143/2019 , 14/2020, 95/2020, 302/2020 , 208/24 и 210/2024), Градоначалникот на Општина Делчево, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## За измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-563/1 од 31.03.2016 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-389/2 од 01.03.2018 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-2110/1 од 06.12..2018 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-2098/1 од 11.11.2019 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-2252/1 од 21.11.2019 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-339/1 од 25.02.2021 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-1255/1 од 19.07.2021 година , Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-2188/1 од 11.11.2021 година , Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-724/1 од 18.04.2022 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-1577/1 од 07.08.2023 година.

### Член 2

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО, во Сектор за финансиски прашања, во Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци, во работно место со реден број 4, со шифра УПР 0101 В01 000, ниво В1, звање Советник, назив на работното место Советник Одговорен сметководител, во делот Други посебни услови , зборовите „ Овластување за одговорен сметководител" се бришат.

### Член 3

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО, во Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР, во Одделение за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај , по

работното место со реден број 23-а, со шифра УПР0101В04000, ниво В4, звање Помлад соработник, назив на работно место Помлад соработник за геодетски работи, се додава ново работно место со реден број 23-б, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР | |
| Одделение за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај | |
| **Реден број** | 23-б |
| **Шифра** | УПР 0101 В04 000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за планирање и развој на сообраќајот |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје:Инженерство и технологија<br>Научно истражувачко поле:Друго инженерство и технологии (сообраќај и транспорт) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефикасно и ефективно извршување поедноставни подготвителни работи и работни задачи во одделението, со упатство и под надзор и контрола од раководителот на одделението |
| **Работни задачи и обврски** | -врши работи врз основа на конкретни упатства и насоки, кои се однесуваат на подготвителни работи во врска со изготвувањето на стратешките, плански и програмски документи од надлежност на одделението;<br>-прибира податоци неопходни за следење на состобата во сообраќајот и подготовка на стратешките, плански и програмски документи од надлежност на одделението и податоци потребни за подготовка на конкретни проекти од областа на сообраќајот;<br>- учествува во реализацијата на проекти од областа на планирањето и развојот на сообраќајот;<br>-ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и сообраќајот<br>-изготвува лиценци за вршење на општински превоз на патници, вршење на такси превоз на патници, вршење на посебен линиски превоз, регистрации на линии во превозот на патници,<br>-се грижи за изградба и одржување на уличната сообраќајна сигнализација, јавниот простор за паркирање,<br>- постапува по барања за дозвола за прекоп на општински патишта и улици и барања за пристапен пат до општински пат, |

| | |
|---|---|
| | -изработува уверенија за куќни броеви. |

**Член 4**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО, во Одделение за правни и општи работи и јавни дејности, по работното место со реден бр.36, со шифра УПР 0101 В03 000, ниво В3, звање Соработник, назив Соработник за имотно правни работи и експропријација, се додава ново работно место со реден бр.36-а, кое гласи:

| 36-а | |
|---|---|
| а. Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | |
| **Реден број** | 36-а |
| **Шифра** | УПР0101В04000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за Канцелариско и архивско работење |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје: Опшествени науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работните задачи кои произлегуваат од делокругот на работното место и кои придонесуваат за навремено и квалитетно организирање и координирање на архивското и канцеларискoто работење на општинската администрација. |
| **Работни задачи и обврски** | - спроведува наједноставни рутински стручно-административни, нормативно-правни, извршни, статистички, административно-надзорни, кадровски и промотивно-информативни работи од делокругот на работата на Одделението<br>- ги следи законските и подзаконските акти од надлежност на архивското и канцеларискoто работење на локалната самоуправа,<br>- помага во координирање на електронското архивирање на сите предмети според планот на архивските знаци и листите на категории за чување на архивската граѓа,<br>- помага во организирање на безбедно чување, собирање, средување и обработување на архивскиот материјал,<br>- се грижи за навремено извршување попис на архивската граѓа од трајна вредност и учествува во предавање на истата на надлежниот архив,<br>- учествува во работата на комисијата за уништување на извлечниот материјал, по истекот на законски утврдените рокови за негово чување,<br>- помага во подготовката на Планот за архивски знаци на општината. |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Член 5**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО, во Одделение за правни и општи работи и јавни дејности, работното место со реден бр.39, со шифра УПР 0101 В04 000, ниво В4, звање Помлад соработник, назив Помлад соработник за јавни дејности,се брише.

**Член 6**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во Одделение за правни и општи работи и јавни дејности, работното место со реден број 44-а, со шифра УПР 0101Г04000, назив Помлад референт за односи со ромската заедница , се брише.

**Член 7**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во Одделение за инспекциски надзор, во работното место со реден број 50, со шифра ИНС0101В01000, ниво В1, звање Советник, називот на работното место „ Општински инспектор за патен сообраќај и патишта " се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| 50. | |
| а. Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат | |
| **Реден број** | 50 |
| **Шифра** | ИНС0101В01001 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник инспектор |
| **Назив на работно место** | Советник Општински инспектор за патен сообраќај |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје:Инжинерство и технологија: Научно истражувачко поле:Друго инжинерство и технологии(Сообраќај и транспорт) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно ефективно и квалитетно извршување на работните задачи кои произлегуваат од делокругот на работното место и кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Одделението, посебно во обезбедување на надзор над спроведувањето на законите и подзаконските акти и прописите на општината, во областа на патниот сообраќај |
| **Работни задачи и обврски** | - Самостојно врши најсложени стручно-административни, нормативно-правни и промотивно-информативни работи од делокругот на работата на Одделението<br>- Континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и превозот во патниот сообраќај;<br>- Врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на општината во областа на превозот во патниот сообраќај;<br>- Врши увид на терен и изготвува записници за констатираните состојби и наоди, изрекува со закон |

| | |
|---|---|
| | пропишани мерки;<br>- Води управна постапка во прв степен и донесува решенија;<br>- Одговара на жалби во второстепена постапка,поднесува жалби во второстепена постапка;<br>- Поднесува барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка;<br>- Врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби, дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти, изготвува анализи, информации и други материјали од областа на превозот во патниот сообраќај,локалните патишта и улици;<br>- Изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината од областа на превозот во патниот сообраќај,локалните патишта и улици;<br>- Дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониските нивоа. |

**Член 8**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места, кој е доставен како Прилог на овој Правилник.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува по добиена писмена согласност од Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија.

Број 08- 1899/1
Од 03.12.2024 година

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
Градоначалник
Горан Трајковски

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| | | | | | | **СЕКРЕТАР НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО** | | |
| 1. | УПР | 01 | 01 | А04 | 000 | Секретар на Општина Делчево | 1 | 1 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| | | | | | | **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА** | | |
| 2. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на Сектор за финансиски прашања | 1 | 0 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| **Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци** | | | | | | | | |
| 3. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци | 1 | 1 |
| 4. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник - одговорен сметководител | 1 | 0 |
| 4-а | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник – даночен извршител | 1 | 1 |
| 5. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за комунални такси и утврдување на данок на имот на правни и физички лица и откривање на нови даночни обврзници | 1 | 1 |
| 7. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за администрирање на  локални даноци, такси и надоместоци | 1 | 1 |
| 7-а. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник - Даночен книговодител | 1 | 1 |
| 8. | УПР | 01 | 01 | Г02 | 000 | Виш референт - Благајник | 1 | 0 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| **Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на општината** | | | | | | | | |
| 9. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на општината | 1 | 0 |
| 9-а. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за администрирање на постапките за јавни набавки | 1 | 1 |
| 12. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за управување со движен и недвижен имот на општината | 1 | 1 |
| 12-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за евиденција на имот | 1 | 1 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| **СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ, СООБРАЌАЈ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ (ЛЕР)** | | | | | | | | |
| 14. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР | 1 | 1 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| | | | | | | **Одделение за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај** | | |
| 15. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на Одделение за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај | 1 | 1 |
| 16. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за урбанизам и енергетска ефикасност | 1 | 1 |
| 17. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за документација за градба и заштита на животната средина | 1 | 1 |
| 18. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина | 1 | 0 |
| 18а | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за заштита на животната средина и природата | 1 | 1 |
| 20. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за сообраќај и патишта | 1 | 1 |
| 21. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура | 1 | 1 |
| 22. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за следење на изградба на инфраструктурни објекти | 1 | 1 |
| 23. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за уредување на градежно земјиште | 1 | 1 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| 23а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за геодетски работи | 1 | 1 |
| 23б | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за планирање и развој на сообраќајот | 1 | 0 |
| 25. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за сообраќај, патишта и комунални работи | 1 | 1 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| | | | | | | **Одделение за локален економски развој , превенција и справување со кризна состојба, заштита и спасување** | | |
| 27. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на Одделение за локален економски развој , превенција и справување со кризна состојба, заштита и спасување | 1 | 0 |
| 28. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за планирање на локален економски развој | 2 | 1 |
| 29. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник - Систем администратор и информатичка технологија | 1 | 1 |
| 29а | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за информациско-комуникациска технологија | 1 | 1 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| 30. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за превенција и справување со кризна состојба, заштита и спасување | 1 | 1 |
| 30а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за информатичка технологија | 1 | 1 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| | | | | | | **Одделение за правни и општи работи и јавни дејности** | | |
| 32 | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за правни и општи работи и јавни дејности | 1 | 1 |
| 33 | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за подготовка на материјали за седници на Советот на општината | 1 | 1 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 34 | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за образование, социјална, здравствена заштита и заштита на децата | 1 | 1 |
| 34а | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за протокол на Градоначалникот и односи со јавноста | 1 | 1 |
| 34б | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за правни работи и застапување | 1 | 0 |
| 34в | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник-координатор за еднакви можности помеѓу мажите и жените | 1 | 1 |
| 35 | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за информации и контакт со граѓаните | 1 | 1 |
| 36 | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за имотно правни работи и експропријација | 1 | 1 |
| 36а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за канцелариско и архивско работење | 1 | 0 |
| 41 | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт-Архивар | 1 | 1 |
| 43 | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт-Доставувач | 1 | 1 |
| 44 | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт-Економ | 1 | 1 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45 | УПР | 04 | 05 | А02 | 001 | Хигиеничар | 1 | 1 |
| 46 | УПР | 04 | 02 | А02 | 001 | Чувар II Обезбедување на објекти | 1 | 1 |
| 47 | УПР | 04 | 03 | А02 | 001 | Возач | 1 | 1 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| | | | | | | **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР-ИНСПЕКТОРАТ** | | |
| 48 | ИНС | 01 | 01 | Б04 | 001 | Раководител на одделение за инспекциски надзор – инспекторат | 1 | 0 |
| 49 | ИНС | 01 | 01 | В01 | 001 | Советник-Општински инспектор за градежништво | 1 | 1 |
| 50 | ИНС | 01 | 01 | В01 | 001 | Советник- Општински инспектор за патен сообраќај | 1 | 1 |
| 51 | ИНС | 01 | 01 | В01 | 001 | Советник- Општински инспектор за комунални работи | 1 | 0 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| 52 | ИНС | 01 | 01 | В01 | 001 | Советник- Општински инспектор за заштита на животната средина | 1 | 1 |
| 53 | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за комунална хигиена | 1 | 1 |
| 54 | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт-Комунален редар | 3 | 3 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| | | | | | | **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | |
| 55 | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за управување со човечки ресурси | 1 | 0 |
| 56 | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси | 1 | 1 |
| 57 | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за развој и управување со човечки ресурси | 1 | 1 |
| 57а | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за безбедност и здравје при работа | 1 | 1 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА** | | | | | | | | |
| 58 | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | 1 | 0 |
| 60 | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник-Внатрешен ревизор на обука | 1 | 1 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДНИНИЦА – ТППЕ Делчево | | | | | | | | |
| 61 | ПОЖ | 02 | 10 | А04 | 000 | Командир на ТППЕ | 1 | 0 |
| 61-а. | ПОЖ | 02 | 10 | Б04 | 000 | Командир на одделение | 1 | 1 |
| 62 | ПОЖ | 02 | 10 | В02 | 000 | Водач на група | 5 | 5 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на систематизирани извршители | Број на Пополнети извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | | |
| 63 | ПОЖ | 02 | 10 | В04 | 000 | Пожарникар спасител | 4 | 1 |
| 64 | ПОЖ | 02 | 10 | В04 | 000 | Пожарникар спасител-возач на специјално возило | 6 | 6 |
| 65 | ПОЖ | 02 | 10 | В04 | 000 | Пожарникар спасител – одржувач на противпожарен сервис | 1 | 1 |
| 65-а | ПОЖ | 02 | 10 | В04 | 000 | Пожарникар спасител-автолимар | 1 | 1 |

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ДЕЛЧЕВО

| Примено: 16.12.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1899/2 | | |

До: Општина Делчево

**Архивски број: 09-2468/2**
**Датум: 17.12.2024 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), член 20 и член 28 точка 6 од Законот за именување и дополнување на Законот за организација и работа на органите („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 121/24 ) Министерството за јавна администрација дава:

## СОГЛАСНОСТ
на

Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во **Општина Делчево со архивски број 08-1899/1 од 03.12.2024 година**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Делчево, поднесе барање до Министерството за јавна администрација за добивање согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево.

Министерството за јавна администрација ги разгледа доставените акти и констатира дека истите се во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за јавна администрација дава согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево со архивски број 08-1899/1 од 03.12.2024 година.

Со почит,

Министер за јавна администрација
Горан Минчев

Подготвил: Абдула Јашаров


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk